**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

---

**Скопје, 2021 година**

# ВОВЕД

Врховниот суд на Република Северна Македонија претставува уставна категорија чија положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, како највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Во извештајната 2020 година, Врховниот суд на Република Северна Македонија своите уставни и законски надлежности ги извршуваше во вонредни услови како резултат на пандемијата предизвикана од Ковид-19.

И покрај ваквите отежнати услови согласно Законот за судовите, во рамки на својата стварна надлежност, Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Северна Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност Судот ја остварува преку **Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок, специјализирани совети за постапување** по барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот, по жалби од кандидати кои не се избрани за судија односно Претседател на суд и жалби против одлуките на Судскиот совет на РСМ за разрешување на судии и претседатели на судови во жалбени совети формирани по пат на ждрепка.

Својата надлежност за воедначување на судската практика, Судот ја остварува на **Општа седница** преку утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења, преку правни мислења и заклучоци по правни прашања усвоени на Седница на судските оддели, изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Судот. Исто така, воедначувањето на судската практика се реализира и следи и преку **Одделот за судска практика.**

Во Врховниот суд, за употребата и унапредувањето на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите, со Одлука на Претседателот на Судот се формира и функционира Работно тело за стандардизација на постапките во судовите кое е од постојан карактер и во постојано заседание, а со него раководи судија на Врховниот суд.

Согласно Законот за судовите, во Врховниот суд е формиран и функционира информатички центар со база на податоци за информатичка технологија надлежен за техничко управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и базите на податоци кои произлегуваат од работата на судовите.

Обемот и интензитетот на работата е изразен преку податоците за постапување по конкретни видови предмети во текот на целата година во одделите и специјализирани совети и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

## ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Врховниот суд на Република Северна Македонија своите уставни и законски надлежности во извештајната 2020 година ги извршуваше во вонредни околности како резулатат на паднемијата предизвикана од КОВИД-19.

И покрај ваквите околности Врховниот суд го совлада приливот на предмети и го намали заостатокот за 322 предмети.

Во 2020 година Врховниот суд имал вкупно во работа 2.512 предети од сите видови.

Годината е заочната со 1.255 нерешени предмети од 2019 година, а во текот на годината новопримени се 2.247 предмети. Од нив решени се 2.569 предмети, останале нерешени 943 предмети, 15 предмети се заведени повторно во работа, 5 предмети се водат како погрешно заведени.

### Извештај по оддели за период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година

### Табела 1

| **Област** | **Граѓанска област** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 15 | 134 | 0 | 2 | 147 | 134 | 13 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **15** | **134** | **0** | **2** | **147** | **134** | **13** |
| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови – ревизија | 226 | 155 | 1 | 0 | 382 | 245 | 137 |
| Работни спорови - ревизија | 194 | 189 | 0 | 0 | 383 | 277 | 106 |
| Граѓански спорови-ревизија | 483 | 477 | 2 | 1 | 961 | 577 | 384 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **903** | **821** | **3** | **1** | **1726** | **1099** | **627** |
| **Вкупно – област** | **918** | **955** | **3** | **3** | **1873** | **1233** | **640** |
| **Област** | **Кривична област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни кривични предмети | 6 | 620 | 0 | 0 | 626 | 573 | 53 |
| Заштита на законитоста по кривични предмет | 10 | 15 | 0 | 0 | 25 | 20 | 5 |
| Вонредно ублажување на казната | 8 | 21 | 0 | 0 | 29 | 27 | 2 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **24** | **656** | **0** | **0** | **680** | **600** | **60** |
| **Вид на предмет** | **Вонредно преиспитување на правосилна пресуда** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда организиран криминал – совет од петмина судии | 11 | 11 | 0 | 0 | 22 | 17 | 5 |
| | | | | | | | |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда – совет од петмина судии | 96 | 142 | 0 | 1 | 237 | 180 | 57 |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда – совет од тројца судии | | | | | | | |
| **Вкупно – вид на предмет** | **107** | **153** | **0** | **1** | **259** | **197** | **62** |
| | | | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Третостепени кривични предмети** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби по пресуди во трет степен | 23 | 49 | 0 | 1 | 71 | 60 | 11 |
| Жалби на решенија на притвор | 0 | 56 | 0 | 0 | 56 | 52 | 4 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **23** | **105** | **0** | **1** | **127** | **112** | **15** |
| **Вкупно – област** | **154** | **914** | **0** | **2** | **1066** | **929** | **137** |
| **Област** | **Судење во разумен рок** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок – второстепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок – жалби | 31 | 128 | 0 | 0 | 159 | 121 | 38 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **31** | **128** | **0** | **0** | **159** | **121** | **38** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок – првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок – Управна | 67 | 93 | 0 | 0 | 160 | 99 | 61 |
| Судење во разумен рок – Кривично | 45 | 49 | 0 | 0 | 94 | 64 | 30 |
| Судење во разумен рок – Граѓанско | 33 | 91 | 0 | 0 | 124 | 99 | 25 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **145** | **233** | **0** | **0** | **378** | **262** | **116** |
| **Вкупно – област** | **176** | **361** | **0** | **0** | **537** | **383** | **154** |
| **Област** | **Управна област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Заштита на законитоста во управен спор | 2 | 4 | 0 | 0 | 6 | 3 | 3 |
| Жалби против одлуки на Управен суд | 4 | 10 | 0 | 0 | 14 | 9 | 5 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **6** | **14** | **0** | **0** | **20** | **12** | **8** |

| **Вкупно – област** | **6** | **14** | **0** | **0** | **20** | **12** | **8** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Жалби против одлуки на ССРСМ** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби против одлуки на ССРСМ – за избор | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| **Вкупно – вид на предмет** | **0** | **3** | **0** | **0** | **3** | **3** | **0** |
| | | | | | | | |
| **Вкупно** | **1254** | **2247** | **3** | **5** | **3499** | **2560** | **939** |

## Податоци од Судска управа од делокругот на работа на Претседателот на судот се прикажани во Табела 2

## Табела 2

| **Област** | **Судска управа** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | | |
| **Повид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети од судска управа | 0 | 2057 | 0 | 0 | 2057 | 2057 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **2057** | **0** | **0** | **2057** | **2057** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Слободен пристап до информации | 0 | 43 | 1 | 0 | 44 | 44 | 0 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 159 | 0 | 0 | 159 | 159 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **202** | **1** | **0** | **203** | **203** | **0** |
| **Вкупно - област** | **0** | **2259** | **1** | **0** | **2260** | **2260** | **0** |

### Претставки, предлози и други обраќања од судска управа

Во текот на **2020** година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **160** претставки заведени во уписникот УПП.

Од вкупно доставените претставки заведени во уписникот УПП, **105** се барања за побрзо решавање на предметите, а **55** се поднесоци-претставки од други граѓани, институции и државни органи.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно примените **105** барања за приоритетно решавање на предметите, одобрил **45**, одбил **13**, додека пак за останатите, се добиени податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот понизок суд.

Од вкупно доставените **160** поднесоци заведени во уписникот УПП, евидентирани се **12** поднесоци на Судскиот совет на Република Северна Македонија и **5** поднесоци на

Народниот правобранител, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и друго.

По доставените поднесоци по разни основи заведени во уписникот УПП, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставки и предлози, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

## Барања за изземања - СУ- ИЗЗ / 2020

Вкупен број на поднесени барања за изземање: 110

-број на поднесени барања од странки за изземање на судија; 4
-број на поднесени барања од странки за изземање на претседател на понизок суд; 7
-број на поднесени барања од судија на ВСРСМ за иземање на судија; 96
-број на барања за изземање поднесени од претседател на суд до претседател на непосредно повисок суд; 3

## Објавени, анонимизирани одлуки

Објавувањето на Одлуките на веб страната на судот се одвива во континуитет согласно предвиденото во Законот за управување со движење на предметите, прикажано во табелата по области.

**Табела 1**

| | |
|---|---|
| **Кривично** | **302** |
| **Граѓанско** | **1098** |
| **Разумен рок ПСРРГ- ПСРРК- ПСРРУ** | **253** |
| **Разумен рок по жалба ПСРРЖ** | **122** |
| **УСПИЖ** | **9** |
| **УЗЗ** | **3** |
| **ВКУПНО:** | **1.787** |

### Податоци за работа на Канцеларијата за односи со јавност

Канцеларијата за односи со јавност при Врховниот суд на Република Северна Македонија тековно објавува соопштенија на Судскиот портал со цел информирање на јавноста за работата на Судот, известување за активностите на претседателот и на судиите, нивно учество на меѓународни конференции, семинари, работилници, обуки и состаноци, како и информирање на јавноста за состаноци и посети од делегации, претставници на институции, проекти во кои е вклучен Врховниот суд на Република Северна Македонија. Соопштенија се објавуваат и за информирање за предмети кои предизвикуваат поголем интерес во јавност.

## Барање по Закон за слободен пристап до инфорамции од јавен карактер

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2020 година примени се вкупно четириесет и едно (41) барање за пристап до информации од јавен карактер.

По сите барања за пристап до информации од јавен карактер примени во Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на извештајниот период е постапено и одговорено. Неодговорени барања нема.

Бројот на позитивно одговорени барања изнесува триесет и четири (34)

Две (2) барања се препратени до други судови во согласност со член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

По пет (5) барања за пристап до информации од јавен карактер поднесени од организација од невладиниот сектор е постапено на начин што до барателот е доставено писмено известување.

Одбиени и отфрлени барања нема.

Во текот на 2020 година вложени се две (2) жалби против решенија на ВСРСМ со кои позитивно е одговорено на барањата за пристап до информации од јавен карактер:

-Во првиот случај, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. со решение 08-70 од 10.03.2020 година ја одби жалбата како неоснована и го потврди решението на ВСРСМ.

-Во вториот случај, со решение на Агенцијата бр. 08-712 од 09.12.2020 година, постапката по жалба е запрена.

Во текот на 2020 година, две (2) жалби поднесени во 2019 година се усвоени од страна на Агенцијата. Се работи за барања за пристап до информации од јавен карактер од 2019 година на кои позитивно е одговорено, меѓутоа барателите не биле задоволни од доставениот одговор поради што вложиле жалби.

Двете решенија на Агенцијата со кои се усвоени предметните жалби се спроведени на начин што до подносителите се доставени решенија на ВСРСМ со кои позитивно е одговорено на барањата и дадени се бараните информации.

# ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

## ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Во Одделот за казниви дела во текот на 2020 година согласно Одлуката за годишен распоред за работа на судиите и судската администрација од 16.01.2020 година беа распоредени 5 (пет) судии, со тоа што еден член од советот не се задолжува со предмети, како и двајца судии како заменици членови исто така без задолжување со предмети.

По извршениот избор на судии во Врховниот суд од 16.03.2020 година, двајца судии се распоредени во Одделот за казниви дела, на кој начин е постигнато кадровско екипирање, а со тоа и зголемена ефикасност во постапувањето по предметите на што се должи и вкупниот број на решени предмети до крајот на годината.

Со распоредот за работа во Одделот за казниви дела се распоредени секретар и заменик секретар на Одделот, од редот на стручните судски соработници, стручни судски соработници кои постапуваа по сите видови предмети и водител на писарницата на Одделот за извршување на административните работи.

### Сумарен преглед за работа по предмети

Во текот на извештајната **2020** година новопримени се **912** предмети, останати од декември месец **2019** година **154** предмети, или вкупно во работа биле **1.066** предмети по сите основи. Во текот на извештајната година судиите решиле **929** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **137** предмети по сите основи. Според ова, приливот на предмети е совладан за **87,14%.**

Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во 2020 година е даден во **табела 1**.

**Табела 1**

| вид на предмети | Останати од XII месец 2019 | Примени во 2020 | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКЖ1** | **-** | **56** | **56** | **52** | **4** |
| **ВКЖ2** | **23** | **48** | **71** | **60** | **11** |
| **КВП1** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **КВП2** | **96** | **141** | **237** | **180** | **57** |
| **Квп-КОК1-Квп** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **Квп-КОК2-Квп** | **11** | **11** | **22** | **17** | **5** |
| **ВУК** | **8** | **21** | **29** | **27** | **2** |
| **КЗЗ** | **10** | **15** | **25** | **20** | **5** |
| **КР** | **6** | **620** | **626** | **573** | **53** |
| **ВКУПНО** | **154** | **912** | **1066** | **929** | **137** |

Остатокот од вкупно нерешени предмети на крајот на 2020 година, се должи на тоа што дел од предметите беа нерешени од судија распореден во Одделот за казниви дела кој на 28.01.2020 година беше разрешен со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Голем дел од предметите во Судот се примени во последниот месец од извештајната година, поради што не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавно обвинителство на Република Македонија, кое ги задржува и по истекот на законскиот рок за доставување на одговор и мислење до овој суд. Исто така, кон крајот на извештајната година беа примени **928** предмети од кои **396** предмети, односно **42,67%** беа од Законот за трговски друштва.

Судиите од Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2020 година решиле вкупно **КВП2 - 180** предмети, **Квп.КОК2 - 17** предмети, така што вкупно **КВП2 и Квп.КОК2** се **197** предмети, **ВКЖ1 - 52** предмети, **ВКЖ2 - 60** предмети, **ВУК - 27** предмети, **КЗЗ - 20** предмети и **КР - 573** предмети.

## Структура на решените предмети по видот на кривичните дела

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –**КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2,** вкупно 197 предмети, е следна:

**Глава XIV од Кривичниот законик**
**Кривични дела против животот и телото**
35 предмети за кривично дело – Убиство - **член 123;**
20 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130;**
9 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131;**
1 предмет за кривично дело – Учество во тепачка – **член 132.**

**Глава XV од Кривичниот законик**
**Кривични дела против слободите и права на човекот и граѓанинот**
3 предмети за кривично дело – Грабнување – **член 141;**
5 предмети за кривично дело–Малтретирање во вршење на службата–**член 143;**
5 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144.**

**Глава XVII од Кривичниот законик**
**Кривични дела против работните односи**
2 предмети за кривично дело–Повреда на правата од работен однос – **член 166**

**Глава XIX од Кривичниот законик**
**Кривични дела против половата слобода и половиот морал**
4 предмети за кривично дело – Силување – **член 186;**
4 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187;**
23 предмети за кривично дело–Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години-**член 188;**
1 предмет за кривично дело–Производство и дистрибуција на детска порнографија–**член 193-а;**
2 предмети за кривично дело – Родоскврнавење – **член 194.**

**Глава XX од Кривичниот законик**
**Кривични дела против бракот, семејството и младината**
1 предмет за кривично дело – Одземање малолетник – **член 198;**
2 предмети за кривично дело – Запуштање и малтретирање на малолетно лице – **член 201.**

**Глава XXI од Кривичниот законик**
**Кривични дела против здравјето на луѓето**
1 предмет за кривично дело – Надрилекарство - **член 209;**
1 предмет за кривично дело – Производство и пуштање во промет штетни прехранбени и други продукти – **член 213;**
60 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори – **член 215.**

**Глава XXII од Кривичниот законик**
**Кривични дела против животната средина и природата**
2 предмети за кривично дело – Узурпација на недвижности – **член 225;**
1 предмет за кривично дело–Незаконита експлоатација на минерални суровини – **член 225-а;**
1 предмет за кривично дело – Незаконит лов – **член 228.**

**Глава XXIII од Кривичниот законик**
**Кривични дела против имотот**
7 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235;**
16 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236;**
33 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237;**
2 предмети за кривично дело – Затајување – **член 239;**
1 предмет за кривично дело – Оштетување туѓи предмети – **243;**
2 предмети за кривично дело– Оштетување туѓи права – **член 244;**
2 предмети за кривично дело – Бесправно градење – **член 244-а;**
11 предмети за кривично дело – Измама – **член 247;**
5 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258;**
2 предмети за кривично дело – Уцена **– член 259.**

**Глава XXV од Кривичниот законик**
**Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството**
1 предмет за кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело – **член 273;**
1 пред. за кривично дело–Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство - **член 275-в;**
1 предмет за кривично дело – Царинска измама – **член 278-а;**
5 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279;**
1 предмет за кривично дело – Неовластена употреба на туѓа фирма – **член 285;**
1 предмет за кривично дело–Злоупотреба на овластување во стопанството – **член 287.**

**Глава XXVI од Кривичниот законик**
**Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**
1 предмет за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288;**
4 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292.**

**Глава XXVII од Кривичниот законик**
**Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**
1 предмет за кривично дело - Загрозување на безбедноста на сообраќајот - **член 297;**
1 предмет за кривично дело – Несовесно вршење надзор над сообраќајот – **член 299;**
12 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300;**
1 предмет за кривично дело – Неукажување помош на лица повредени во сообраќајна незгода - **член 301.**

**Глава XXX од Кривичниот законик**
**Кривични дела против службената должност**
17 предмети за кривично дело–Злоупотреба на службена положба и овластување – **член 353;**
4 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353-в;**
1 предмет за кривично дело – Проневера во службата – **член 354;**
4 предмети за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**
1 предмет за кривично дело – Противзаконито посредување – **член 359.**

**Глава XXXI од Кривичниот законик**
**Кривични дела против правосудството**
1 предмет за кривично дело – Поднесување лажни докази – **член 366-а;**
1 предмет за кривично дело – Незаконито влијание врз сведоци – **член 368-а**

**Глава XXXII од Кривичниот законик**
**Кривични дела против правниот сообраќај**
4 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**

**Глава XXXIII од Кривичниот законик**
**Кривични дела против јавниот ред**
1 предмет за кривично дело–Спречување службено лице во вршење службено дејствие - **член 382;**
7 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383;**
16 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386;**
2 предмети за кривично дело – Самовластие – **член 392;**
2 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394;**
11 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396.**

**Глава XXXIV од Кривичниот законик**
**Кривични дела против човечноста и меѓународното право**
4 предмети за кривично дело – Криумчарење на мигранти – **член 418-б;**
6 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти– **член 418-в;**
2 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице – **член 418-г;**
1 предмет за кривично дело – Земање заложници – **член 427.**

Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот–**КР** е следна:

10 предмети – **прекршок од ЗБСП** ;
6 предмети – **прекршок од Закон за јавен ред и мир**;
3 предмети – **прекршок од Закон за шуми;**
126 предмети – **прекршок од Закон за возила;**
396 предмети **– прекршок од Закон за трговски друштва;**
1 предмет – **прекршок од Закон за готовинско плаќање;**
1 предмет – **прекршок од Закон за производи за заштита на растенијата;**
1 предмет – **прекршок од Закон за работното време на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уреди за запишување во патниот сообраќај;**
1 предмет – **прекршок од Закон за рибарство и аквакултура;**
1 предмет – **прекршок од Закон за придонесите за задолжително социјално осигурување;**
2 предмети – **прекршок од Закон за ловство;**
1 предмет – **прекршок од областа на Централен регистар.**

Од вкупно решени **197** предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, прикажана во **табела 2:**

**Табела 2**

| | Со 1 лице | Со 2 лица | Со 3 лица | Со 4 лица | Со 5 лица | Со 7 лица | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КВП1** | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **КВП2** | 152 | 23 | 3 | 1 | 1 | - | **180** |
| **КВП-КОК1** | - | - | - | - | - | - | **-** |
| **КВП-КОК2** | 11 | 5 | - | - | - | 1 | **17** |
| **Вкупно** | **163** | **28** | **3** | **1** | **1** | **1** | **197** |

Од вкупно решените **197** предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – **КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** по апелациони судови и според одлуката на советот, состојбата е прикажана во **табела 3.**

Табела 3

<table>
<tr><th rowspan="2">судови</th><th colspan="2">КВП1, КВП2</th><th colspan="2">КВП-КОК1</th><th colspan="2">КВП-КОК2</th></tr>
<tr><th>решени</th><th>нерешени</th><th>решени</th><th>нерешени</th><th>решени</th><th>нерешени</th></tr>
<tr><td>• Апелационен суд<br>• Скопје</td><td>102</td><td>27</td><td>-</td><td>-</td><td>17</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Битола</td><td>27</td><td>9</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Штип</td><td>35</td><td>11</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Гостивар</td><td>33</td><td>15</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="2">ВКУПНО</td><td rowspan="2">197</td><td rowspan="2">62</td><td>-</td><td>-</td><td>17</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2">22</td></tr>
<tr><td colspan="7"></td></tr>
</table>

## Показатели за одбиени, уважени, преиначени и отфрлени барања по сите основи

Состојбата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела, е прикажана во **табела бр. 4**.

Табела 4

| вид на предмети | Одбиени | Уважени | На друг начин | Отфрлени | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | 46 | 3 | - | 3 | 52 | 4 |
| ВКЖ2 | 30 | 15 | 1 | 14 | 60 | 11 |
| КВП1 | - | - | - | - | - | - |
| КВП2 | 119 | 14 | - | 47 | 180 | 57 |
| ВУК | 23 | 1 | 1 | 2 | 27 | 2 |
| КЗЗ | 5 | 12 | - | 3 | 20 | 5 |
| КР | 10 | 552 | 6 | 5 | 573 | 53 |
| Квп.КОК1 | - | - | - | - | - | - |
| Квп.КОК2 | 16 | - | - | 1 | 17 | 5 |
| ВКУПНО | 249 | 597 | 8 | 75 | 929 | 137 |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија кои биле во постапка

пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови е прикажана во **табелата бр.5**.

**Табела 5**

**2020 година КЗЗ - преглед на решени предмети по судови**

| Апелационен суд | Основен суд и број на предмети | Одбиено барање одбиено | У В А Ж Е Н И | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Укината I пресуда | Укината II пресуда | Укината I и II пресуда | Повреда на КЗ | Ослобод и. пресуда | отфрлени | Преиначе. или на друг начин | Решени | Нерешени |
| Скопје 8 предмети | Основен кривичен суд-6 Основен суд Велес-2 | 2 | - | 1 | 3 | - | - | 2 | - | 8 | - |
| Битола 4 предмети | Основен суд Охрид-1 Основен суд Битола-1 Основен суд Струга-2 | - | - | - | 1 | - | - | 1 | - | 2 | 2 |
| Штип 9 предмети | Основен суд Струмица-2 Основен суд Кочани-3 Основен суд Св. Николе-1 Основен суд Штип-1 Основен суд Виница-1 Основен суд Берово-1 | 2 | - | - | 1 | 3 | - | - | - | 6 | 3 |
| Гостивар 4 предмети | Основен суд Тетово-2 Основен суд Гостивар-1 Основен суд Кичево-1 | 1 | - | 2 | 1 | - | - | - | - | 4 | - |
| Вкупно во работа предмети: 25 Вкупно решени предмети: 20 | | 5 | - | 3 | 6 | 3 | - | 3 | - | 20 | 5 |

| 1 лице | 2 лица | 3 лица | 4 лица | 6 лица | Вкупно осудени лица |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 пред. | 4 пред. | 1пред. | 2 пред. | 1 пред. | 20 |

Видно од **табелата 5,** од вкупно решените **20** барања, **5** се одбиени како неосновани. Од **12** уважени предмети: во **3** предмети е укината само второстепена пресуда, во **6** предмети е укината првостепена и второстепена пресуда, во **3** предмети е констатирана повреда на КЗ, **3** предмети се отфрлени, а нерешени останале вкупно **5** предмети.

По апелациони подрачја на решени и нерешени предмети состојбата е следна: **8** предмети од Апелациониот суд Скопје и сите се решени, **4** предмети од Апелациониот суд Битола, од кои **2** решени и **2** нерешени, **9** предмети од Апелациониот суд Штип од кои **6** решени и **3** нерешени и **4** предмети од Апелациониот суд Гостивар и сите се решени. Со едно осудено лице имало **12** предмети, со две лица **4** предмети, со три лица **1** предмет, со четири лица **2** предмети и со **6** лица **1** предмет, или вкупно **20** осудени лица.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен – **ВКЖ1** по жалби на решенија на притвор и по жалби на пресуди на Апелационите судови е прикажана во **следните табели:**

**ВКЖ1- жалби на решенија на притвор**

| Број на примени предмети во 2020 година | Останати од 12 месец 2019 година | Вкупно во работа | отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | - | 56 | 3 | 46 | 3 | - | 52 | 4 |
| **Вкупно:56** | **-** | **56** | **3** | **46** | **3** | **-** | **52** | **4** |

**ВКЖ2 - жалби по пресуди во трет степен**

| Број на примени предмети во 2020 година | Останати од 12 месец 2019 година | Вкупно во работа | отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | 23 | 71 | 14 | 30 | 15 | 1 | 60 | 11 |
| **Вкупно: 48** | **23** | **71** | **14** | **30** | **15** | **1** | **60** | **11** |

По жалба на решенија за притвор – **ВКЖ1** примени во 2020 година се **56** предмети, од кои во **46** предмети жалбата е одбиена како неоснована, во **3** предмети уважени се жалбите, во **3** предмети жалбите биле отфрлени, а останале нерешени **4** предмети.

По жалба по пресуди во трет степен – **ВКЖ2** примени во 2020 година се **48** предмети, **23** предмети останале од 2019 година, или вкупно во работа биле **71** предмет од кои **30** предмети се одбиени, **15** предмети се уважени, **14** предмети отфрлени, **1** предмет решен на друг начин, а останале нерешени **11** предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

Од 2019 година останале нерешени **8** предмети, новопримени во 2020 година се **21** предмет, вкупно во работа биле **29** предмети од кои решени се **27** предмети, а останале нерешени **2** предмети. По видот на одлуката: **23** предмети се одбиени, **1** уважен, **2** отфрлени предмети и на друг начин решен **1** предмет.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

Од 2019 година останале нерешени **6** предмети, новопримени во 2020 година се **620** предмети, вкупно во работа биле **626** предмети, од кои решени се **573** предмети, а останале нерешени **53** предмети. По видот на одлуката: **10** предмети се одбиени, **552** предмети се уважени, **5** предмети се отфрлени и **6** предмети на друг начин.

## Времетраење на постапката по основи и по предмети

Времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Северна Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција е прикажан во **табела бр.6**.

### Траење на постапка за ОДДЕЛ за казниви дела - 2020

| Уписник | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеци | до 3 месеца | до 4 месеци | до 5 месеци | до 6 месеци | до 7 месеци | до 8 месеци | до 9 месеци | до 10 месеци | до 11 месеци | до 12 месеци | преку 1 година | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за барање за вонредно ублажување на казната | 29 | 27 | 4 | 4 | 6 | 2 | 3 | 2 | 2 | | | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 3 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 5 | 237 | 180 | 11 | 19 | 23 | 18 | 13 | 10 | 5 | 9 | 9 | 10 | 4 | 8 | 41 | 57 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 3 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 5 | 22 | 17 | | 2 | 2 | 2 | | 1 | | 1 | | 1 | 2 | 1 | 5 | 5 |
| Уписник за жалби на решенија на притвор | 56 | 52 | 52 | | | | | | | | | | | | | 4 |
| Уписник за жалби по пресуди во трет степен | 71 | 60 | 8 | 6 | 7 | 4 | 7 | 6 | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | 1 | 3 | 11 |
| Уписник за разни кривични предмети | 626 | 573 | 249 | 294 | 20 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | | 1 | 53 |
| Уписник по барање за заштита на законистоста по кривични предмет | 25 | 20 | 1 | 1 | | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 3 | 5 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 1066 | 929 | 325 | 326 | 58 | 28 | 27 | 24 | 14 | 18 | 16 | 17 | 9 | 12 | 55 | 137 |

Во 2020 година како произлегува и од табелата за времетраење на постапката, по одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии, достава до Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и слично).

Некои од предметите во Судот се доставени со некомплетни списи, па било потребно административно да се вратат на судовите или на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, што предизвика дополнителен ангажман на судиите известители за комплетирање на предметите.

## СЕДНИЦА НА ОДДЕЛ

Во Одделот за казниви дела во текот на 2020 година одржани се повеќе седници на Оддел, на кој е расправано по правни прашања, иницијативи и барања поднесени од основните и апелационите судови, како и од адвокати, по кои се донесени заклучоци, а исто така се донесени и повеќе заклучоци кои се однесуваат на воедначување на постапувањето во Одделот.

# ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во Одделот за граѓански дела во текот на 2020 година, согласно Одлуката за Годишен распоред за работа на судиите и судската администрација од 30.12.2019 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за Годишниот распоред за работа од 16.01.2020 година распоредени се 12 (дванаесет) судии кои по предметите од сите видови одлучувале во три совети, а со Одлуките за изменување и дополнување на Одлуката за Годишниот распоред за работа од 18.03.2020 година и 26.06.2020 година, во овој Оддел се распоредени 15 (петнаесет) судии во три совети, како и претходно, се до крајот на извештајната година.

Во Одделот се распоредени секретар и заменик секретар на Одделот од редот на стручните судски соработници, стручни судски соработници кои постапуваа посите видови предмети, а во писарницата на Одделот се распоредени Водител на писарницата и двајца судски референти за извршување на административните работи.

### Структура на предмети

Од бројчаните показатели за 2020 година во Одделот за граѓански дела имало вкупно во работа 1.873 предмети, од кои 918 нерешени предмети останати од 2019, 2018 и 2017 година, а новопримени се 955 предмети.

Во споредба со 2019 година кога биле примени 1.185 предмети, приливот на нови предмети во 2020 година е намален за 230 предмети, односно примени се 955 предмети. Во извештајната година решени се 1.233 предмети, а нерешени останале 918 предмети.

| **Област** | **Граѓанска област** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 15 | 134 | 0 | 2 | 147 | 134 | 13 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **15** | **134** | **0** | **2** | **147** | **134** | **13** |
| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови - ревизија | 226 | 155 | 1 | 0 | 382 | 245 | 137 |
| Работни спорови - ревизија | 194 | 189 | 0 | 0 | 383 | 277 | 106 |
| Граѓански спорови-ревизија | 483 | 477 | 2 | 1 | 961 | 577 | 384 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **903** | **821** | **3** | **1** | **1726** | **1099** | **627** |
| **Вкупно - област** | **918** | **955** | **3** | **3** | **1873** | **1233** | **640** |

Споредено со 2019 година кога биле решени 1.211 предмети, во извештајната година решени се 22 предмети повеќе, односно 1233 предмети. Бројот на нерешени предмети во 2019 година и 2020 година е ист, односно останале 918 нерешени предмети.

Во 2020 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети е совладан, односно во 2020 година примени се вкупно 955 предмети а решени се вкупно 1.233 предмети, со што заостатокот е намален за 278 предмети.

Структурата на 1233 решени предмети е следна: од Уписникот Рев1 – решени се 245 предмети; од Уписникот Рев2 – решени се 577 предмети; од Уписникот Рев3 – решени се 277 предмети; од Уписникот Р – решени се 134 предмети.

Структурата на нерешени 918 предмети е следна: 1 предмет останал нерешен од 2017 година од Уписникот Рев2, поради тоа што била прекината постапката по ревизија, од 2018 година останале 2 нерешени од Уписникот Рев1 поради повторување на постапката пред пониските судови, од 2019 година останале нерешени 97 предмети, од кои 37 предмети од Уписникот Рев1, 45 предмети од Уписникот Рев2 и 15 предмети од Уписникот Рев3. Останатите 540 нерешени предмети се од 2020 година и тоа од Уписникот Рев1- 98 нерешени предмети, од Уписникот Рев2- 338 предмети и од Уписникот Рев3 останале нерешени 91 предмети. Погрешно заведени предмети се 3 предмети, и 3 предмети кои биле повторно во работа.

| **Нерешени предмети по година на прием** | **Примени во 2017 год.** | **Примени во 2018 год.** | **Примени во 2019 год.** | **Примени во 2020 год.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник за граѓански предмети по ревизија** | 1 | | 45 | 338 | 384 |
| **Уписник за трговски спорови по ревизија** | | 2 | 37 | 98 | 137 |
| **Уписник за разни граѓански предмети** | | | | 13 | 13 |
| **Уписник за работни спорови по ревизија** | | | 15 | 91 | 106 |
| **Вкупно** | 1 | 2 | 97 | | 640 |

Постигнатите резултати се должат на зголемената заложба да се решат што поголем број на предмети и зголемување на бројот на судиите известители кој беше зголемен во однос на претходната 2019 година, иако сите судии и стручни судски соработници постапуваа по предмети и од друга материја. Споредбено со изминатите години, може да се заклучи дека се намалува обемот на работа, како резултат на постепено намалување на бројот на новопримени предмети, така што во 2016 година биле примени 1.270 предмети, во 2017 година биле примени 1.225 предмети, во 2018 година биле примени 1204 предмети, во 2019 година биле примени 1185 предмети и во извештајната година се примени 955 предмети. Може да се заклучи зголемување на решени предмети, што е резултат на бројот на судии кои што постапувале по овој вид на предмети, односно со распоредување на уште двајца судии избрани во овој суд во 2020 година, во Одделот за граѓански дела и распоредување на еден судија кој дотогаш извршуваше функција надвор од судот. Од анализата на изминатиот петогодишен период може да се заклучи дека во извештајната година е најмал заостатокот на нерешени предмети и истиот изнесува 640 предмети.

## Начин на решавање на предметите

Постапка по ревизија како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **1873** кои биле во работа во 2020 година по ревизија биле **1.726** предмети, од кои од Уписникот **Рев1 - 382** предмети, од Уписниот **Рев2 - 961** предмети и од Уписникот **Рев3 - 383** предмети, односно по ревизии биле **92,15%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1099** предмети, односно 63,67%.

| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови - ревизија | 226 | 155 | 1 | 0 | 382 | 245 | 137 |
| Работни спорови - ревизија | 194 | 189 | 0 | 0 | 383 | 277 | 106 |
| Граѓански спорови- ревизија | 483 | 477 | 2 | 1 | 961 | 577 | 384 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **903** | **821** | **3** | **1** | **1726** | **1099** | **627** |

Од решените 1099 предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени 643 односно 58,51%, пренaчени 64 односно 5,82%, укинати 149 односно 13,56 %, отфрлени 242 односно 22,02%. Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, податоците изгледаат вака: во 2017 година 58,84, во 2018 година 62,37%, во 2019 година 56,30% и во 2020 година 58,50%. Од овие бројки се гледа дека процентот на ревизиите кои се одбиени како неосновани во 2020 година, споредбено со претходната година, е незначително зголемен.

| **Суд** | **Отфрлени** | **Одбиени** | **Преиначени** | **Укинати** | **Решени на друг начин** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 113 | 398 | 38 | 73 | 1 | 622 |
| **Штип** | 57 | 123 | 15 | 32 | | 227 |
| **Гостивар** | 24 | 60 | 7 | 16 | | 107 |
| **Управен** | 39 | 60 | 4 | 28 | | 131 |
| **Вкупно** | 242 | 643 | 64 | 149 | 1 | 1099 |

Состојбата кај апелационите судови по однос на одбиени ревизии во 2020 година, изгледа вака:

| **Суд** | **Вкупно решени ревизии** | **Одбиени ревизии** | **Процент на одбиени ревизии** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 622 | 398 | 63,99 |
| **Битола** | 227 | 123 | 54,18 |
| **Штип** | 107 | 60 | 56,08 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Гостивар** | 131 | 60 | 45,80 |
| **Управен** | 9 | 1 | 11,11 |
| **Вкупно** | 1099 | 643 | 58,51 |

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2017 година биле преиначени 82 предмети односно 6,74%, во 2018 година 83 односно 6,99%, во 2019 година преиначени 85 одлуки односно 8,62% и во 2020 година преиначени 64 предмети односно 5,82%. Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е незначително намалено споредено со претходната извештајна година, односно нема значителни промени на резултатите на апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со преиначени одлуки во 2020 година, е следна:

| **Суд** | **Вкупно решени ревизии** | **Преиначени одлуки** | **Процент на преиначени ревизии** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 622 | 38 | 6,10 |
| **Битола** | 227 | 15 | 6,61 |
| **Штип** | 107 | 7 | 6,54 |
| **Гостивар** | 131 | 4 | 3,05 |
| **Управен** | 9 | / | / |
| **Вкупно** | 1099 | 64 | 5,82 |

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со укинати одлуки во 2020 година, изгледа вака:

| **Суд** | **Вкупно решени ревизии** | **Укинати одлуки** | **Процент на укинати одлуки** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 622 | 73 | 11,74 |
| **Битола** | 227 | 32 | 14,10 |
| **Штип** | 107 | 16 | 14,95 |
| **Гостивар** | 131 | 28 | 21,38 |
| **Управен** | 9 | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 1099 | 149 | 13,56 |

Состојбата на апелационите судови по однос на отфрлени ревизии во 2020 година, е следна:

| **Суд** | **Вкупно решени ревизии** | **Отфрлени ревизии** | **Процент на отфрлени ревизии** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 622 | 113 | 18,17 |
| **Битола** | 227 | 57 | 25,11 |
| **Штип** | 107 | 24 | 22,43 |
| **Гостивар** | 131 | 39 | 29,77 |
| **Управен** | 9 | 8 | 88,88 |
| **Вкупно** | 1099 | 242 | 22,02 |
| | | | |

## Останати постапки

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, од кои биле во работа вкупно 147 предмети и од овие решени се 134 предмети, или 91,16%, а останале нерешени 15 или 10,20%.

| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност** | 15 | 134 | 0 | 2 | 147 | 134 | 13 |
| **Вкупно-вид на предмет** | 15 | 134 | 0 | 2 | 147 | 134 | 13 |

### Структура на предметите по правни основи

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2020 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на надомест на штета - 287 предмети или 26,11%, потоа по основ работни спорови - 266 предмети или 24,20%, долг - 189 предмети или 17,20%; за сопственост и владение - 166 предмети или 15,10%; поништување и раскинување на договор – 75 предмети или 6,82%; за издршка - 36 предмети или 3,28%; за стекнување без основ – 38 предмети или 3,46%; за стечај - 29 предмети или 2,64 %, други спорови - 7 предмети или 0,64% и авторски права и индустриска сопственост – 6 или 0,55%.

Споредбено со претходната година, во 2019 година има разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало по следните основи: Намален е бројот на решение предмети во 2019 година споредбено со 2018 година по следните основи: долг во 2019 биле решени 189 предмети, а во 2018 година 229 предмети; сопственост во 2019 решени 166 предмети, а во 2018 година 189 предмети;. Зголемен е бројот на решени предмети споредбено со претходната година по основот авторски права, односно во 2019 година решение се 7 предмети а во 2018 година решени се 3 предмети и за сопственост и владение, во 2019 година решени се 189 предмети додека во 2018 година решени се 118 предмети. По другите основи – издршка, стекнување без основ, не е забележена поголема разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало во извештајната година споредбено со претходната 2018 година.

| **Основ** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|
| **Издршка** | 38 | 36 |
| **Надомест на штета** | 279 | 287 |
| **Неосновано збогатување** | 36 | 38 |
| **Поништување и раскинување на договор** | 50 | 75 |
| **Долг** | 229 | 189 |
| **Сопственост и владение** | 189 | 166 |
| **Работни спорови** | 109 | 266 |
| **Стечај** | 34 | 29 |
| **Авторски права** | 7 | 6 |
| **Други основи** | 15 | 7 |
| **Вкупно** | | 1099 |

## Трање на постапката

Во 2020 година од вкупно решени 1.233 предмети, траењето на постапката изнад три години немало нерешени предмети; од 1 до 3 години била кај 510 предмети; од 8 месеци до 1 година кај 247 предмети; од 6 до 8 месеци кај 77 предмети; од 3 до 6 месеци било кај 217 предмети; од 2 до 3 месеци кај 58 предмети, од 1 до 2 месеци кај 71 предмети, до 1 месец траела постапката кај 53 предмети.

| **Траење на постапка** | **Решени** | **до 1 месец** | **од 1 до 2 мес.** | **од 2 до 3 мес.** | **од 3 до 6 мес.** | **од 6 до 8 мес.** | **од 8 до 1 год.** | **од 1 до 3 год.** | **над 3 год.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник за граѓански предмети по ревизија** | 577 | 2 | 17 | 16 | 100 | 45 | 142 | 255 | |
| **Уписник за трговски спорови по ревизија** | 277 | | 2 | 9 | 74 | 16 | 47 | 129 | |
| **Уписник за разни граѓански предмети** | 134 | 49 | 44 | 24 | 14 | 2 | 1 | | |
| **Уписник за работни спорови по ревизија** | 245 | 2 | 8 | 9 | 29 | 14 | 57 | 126 | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 1233 | 53 | 71 | 58 | 217 | 77 | 247 | 510 | |

Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд споредбено со претходните години оди кон подобрување.

**СЕДНИЦА НА ОДДЕЛ**

Во текот на 2020 година Одделот за граѓански дела, одржа 4 (четири) седници. На седниците е расправано за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, 8 (осум) правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови и други подносители, по кои се утврдени 4 (четири) правни мислења,кои се објавени на веб страната и 6 (шест) утврдени и објавени сентенци. Во Одделот за граѓански дела беше постапувано по 78 (седумдесет и осум) разни граѓански предмети заведени под ознаката Гр за поставени правни прашања. Со оглед на состојбата со пандемијата предизвикана со вирусот Ковид 19, во извештајната година согласно протоколите беа одржани помалку седници на Одделот и не беа реализирани планираните заеднички состаноци со апелационите судови.

## ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Во Одделот за Судење за разумен рок во текот на 2020 година согласно Одлуката за Годишен распоред за работа на судиите и судската администрација од 30.12.2019 година, судиската функција ја извршуваа 12 (дванаесет) судии, со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за Годишен распоред за работа од 16.01.2020 година, распоредени се 16 (шеснаесет) судии, а со Одлуката за изменување и дополнување на годишниот распоред за работа од **15.09.2020 го**дина распоредени се 17 (седумнаесет ) судии се до крајот на извештајната година.

Во Одделот се распоредени Секретар и Заменик секретар од редот на стручните судски соработници, стручни судски соработници кои постапуваа по сите видови предмети и Водител на писарницата на Одделот за вршење на административните работи.

**Сумарен преглед на работа по предмети**

Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната **2020** година, **вкупно во работа** имал **548** предмети, во двата степени на одлучување, од кои **361** н**овопримени** предмети, а од претходниот извештаен период останале **нерешени** **177** предмети, дедека **10** предмети биле повторно во работа. Во текот на извешајната година **решени** се **392** предмети, додека **156** предмети **останале нерешени.**

Пред **првостепените совети** во работа биле **388 п**редмети, од кои **233** новопримени предмети, а **146** предмети останале нерешени од претходниот извештаен период, додека **9** предмети биле повторно во работа. Првостепените совети решиле **270** предмети, додека **118** предмети останале незавршени.

**Второстепениот совет** вкупно во работа имал **160** предмети од кои **128** новопримени предмети, **31** предмет останале нерешени од минатата година, а **1** предмет бил повторно во работа. На крајот на извештајниот период второстепениот – жалбен совет решил **122** предмети, додека **38** предмети останале нерешени**.**

## Табеларен приказ на бројот на предмети во Одделот за 2020 година

**Табела 2**

| Област | Судење во разумен рок | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Судење во разумен рок - првостепени | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Судење во разумен рок - Управна | 68 | 93 | 3 | 0 | 164 | 102 | 62 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 45 | 49 | 3 | 0 | 97 | 66 | 31 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 33 | 91 | 3 | 0 | 127 | 102 | 25 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **146** | **233** | **9** | **0** | **388** | **270** | **118** |
| Вид на предмет | Судење во разумен рок - второстепени | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Судење во разумен рок - жалби | 31 | 128 | 1 | 0 | 160 | 122 | 38 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **31** | **128** | **1** | **0** | **160** | **122** | **38** |
| | | | | | | | |
| **Вкупно - област** | **177** | **361** | **10** | **0** | **548** | **392** | **156** |

Од вкупно решени **392 предмети во извештајниот период,** во **195** предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок **е одбиено** како неосновано, во **144** предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок **е усвоено**, додека во **53** предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок **е отфрлено.**

### Начин на решавање - разумен рок 2020

| name | Нерешени од претходниот период | Ново примени | Вкупно во работа | Решени | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Незавршени на крајот на периодот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПСРРГ | 33 | 94 | 127 | 102 | 22 | 46 | 34 | | 25 |
| ПСРРК | 45 | 52 | 97 | 66 | 11 | 21 | 34 | | 31 |
| ПСРРУ | 68 | 96 | 164 | 102 | 17 | 37 | 48 | | 62 |
| ПСРРЖ | 31 | 129 | 160 | 122 | 3 | 91 | 28 | | 38 |
| | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 177 | 371 | 548 | 392 | 53 | 195 | 144 | | 156 |

## Сумарен преглед на работа по предмети на првостепените совети

Во текот на **2020** година, првостепените совети во работа имале **388** предмети или **70,80%** од вкупно **548** предмети во Одделот.

Вкупниот број **388** предмети го сочинуваат **242** новопримени предмети и **146** предмети кои останале нерешени од претходниот извештаен период. Пред првостепените совети **решени** се вкупно **270** предмети или **69,58%**, додека **нерешени** на крајот на извештајната година останале **118** предмети или **30,41%.**

**Начин на решавање - разумен рок I степен 2020**

| name | Нерешени од претходниот период | Ново примени | Вкупно во работа | Решени | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Незавршени на крајот на периодот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПСРРУ | 68 | 96 | 164 | 102 | 17 | 37 | 48 | | 62 |
| ПСРРК | 45 | 52 | 97 | 66 | 11 | 21 | 34 | | 31 |
| ПСРРГ | 33 | 94 | 127 | 102 | 22 | 46 | 34 | | 25 |
| | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 146 | 242 | 388 | 270 | 50 | 104 | 116 | | 118 |

Од **решените 270** предмети пред првостепените совети, можеме да констатираме дека преовладува бројот на решени предмети со усвојување на барањето и утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок во **116** предмети или **42,96%.** Од предметите кои завршиле со **усвојување** на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, преовладува бројот на предмети од **управна материја** - **48** или **41.37%**, додека бројот на предмети од **граѓанската** и **кривичната** материја кои биле решени со **усвојување** на барањето и утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок е иденичен и изнесува **34 премети** или **29,31%.**

Во **104** или **38,51%** предмети, решени пред првостепените совети во кои **барањето за заштита на правото на судење во разумен рок било одбиено како неосновано** преовладува бројот на предмети од **граѓанската** материја **46** или **44,23 %,** потоа следуваат предмети од **управна** материја **37** или **35,57%** и **21** предмет или **20,19%** од **кривична** материја.

**Во 50** предмети или **18,51%**, решени пред првостепените совети во кои барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **отфрлено,** преовладуваат предмети од **граѓанската** материја **22** или **44%**, потоа следуваат предмети од **управна** материја **17** предмети или **34%** и **11** предмети од **кривична** материја или **22 %.**

Анализата на број решени предмети пред првостепените совет и параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања во извештајниот период, покажуваат дека преовладува бројот на **решени** предмети **со усвојување** на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, особено во предметите од **управната материја.** Значителен е и бројот на од **118** предмети или **30,4%** предмети кои останале нерешени, каде преовладуваат предметите од **управната материја - 62 предмети или 52,5%,** наспроти бројот од **31** предмет или **26,5% од кривичната материја и 25** предмети или **21%** **од граѓанската материја.**

Имајќи ги во предвид параметрите кои ги цени советот при одлучување по конкретно барање за заштита на правото на судење во разумен рок, како што се сложеноста на предметот, времетраење на постапката, однесување на странките во постапката и однесување на судот кој постапувал, најчестите повреди на постапката за заштита на правото на судење во разумен рок која завршила со усвојување на барањето можеме да констатираме кај **управните предмети,** како и најголем број на предмети останале во работа, а поради ненавремено или некомплетно доставување на списи по предметите.

## Трање на постапка пред првостепените совети

Пред првостепените совети **решени се 270** предмети, во кои времетраењето на постапување по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето, до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

**Траење на постапка - Разумен рок за 2020 год I степен**

**: ПСРРУ**

| Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 164 | 102 | 3 | 1 | 8 | 25 | 65 | 62 |

**: ПСРРГ**

| Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 127 | 102 | 5 | 8 | 10 | 38 | 41 | 25 |

**: ПСРРК**

| Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 97 | 66 | | 2 | 7 | 19 | 38 | 31 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 388 | 270 | 8 | 11 | 25 | 82 | 144 | 118 |

**Од вкупно решените 270 првостепени предмети или 69,58%**

- во период до **1** месец решени се **8** предмети или **2,96%** од кои,
  **ПСРРУ – 3** предмети
  **ПСРРК – 5** предмети.
- во период до **2** месеци решени се **11** предмети или **4,07%**од кои:
  **ПСРРУ – 1** предмет
  **ПСРРГ – 8** предмети
  **ПСРРК – 2** предмети
- во период до **3** месеци решени се вкупно **25** предмети **или 9,26%**од кои:
  **ПСРРУ – 8** предмет
  **ПСРРГ – 10** предмети
  **ПСРРК – 7** предмети
- во период до **6** месеци**,** решени се вкупно **82** предмет или **30,37%,** од кои
  **ПСРРУ – 25** предмет
  **ПСРРГ – 38** предмети
  **ПСРРК – 19** предмети
- во период подолг од **6** месеци, решени се **144** предмети или **53,33%,** од кои:
  **ПСРРУ – 65** предмет
  **ПСРРГ – 41** предмети
  **ПСРРК – 38** предмети
- останати за работа во **2021** се **118** предмети или **30,41%**, од кои:
  **ПСРРУ – 62** предмет
  **ПСРРГ – 25** предмети
  **ПСРРК – 31**предмети

Причина за пречекорување на рокот од **6 месеци** како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, а видно од бројот на нерешени **118** предмети, главно е недоставувањето на списи на предметите на кои се однесува барањето. Имено, по заведувањето на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок и оформувањето на предмет, обврска на судијата - известител е да ги побара со писмо – ургенција списите на предметот од судот пред кој се водела постапката. Имајќи го предвид наведеното, произлегува задоцнетото произнесување на судиите кои постапуваат по

предметите, односно големиот број на незавршени предмети во првостепениот совет и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи по доставено барање до судот кој постапувал по конкретниот предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Во овој контекс, недостасува правно средство со кое Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе се наметне пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не го чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Неможноста, во сите случаи да се почитува рокот од **6 месеци** за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се воочува во секоја од досега извештајните години – периоди. Оваа констатација била предмет на разгледување и пред седниците на Одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Имено, со законската рамка од **6 (шест) месеци** и не создавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото постапување на Овој суд.

Неможноста Врховниот суд на Република Северна Македонија во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од **6 (шест) месеци** за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекс на конзистентност на постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија и Европскиот суд за човекови права и праксата на тој суд. Во тој контекст, повторно се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел Врховниот суд на Република Северна Македонија да може да ги испочитува роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжениетo за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство. Од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

## Сумарен преглед на работа по предмети пред второстепениот совет

Во текот на **2020** година, второстепениот жалбен совет вкупно во работа имал **160** предмети или **29,20%** од вкупниот број предмети во Одделот, од кои новопримени биле **129** предмети или **80,6%**, а **31** предмети или **19,4%** останале нерешени од претходниот извештаен период. Второстепениот совет во извештајниот период решил **122** предмети или **76,25%** додека **38** предмети или **23,75%** останале нерешени.

**Начин на решавање - разумен рок 2020 II степен**

| | Нерешени од претходниот период | Ново примени | Вкупно во работа | Решени | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Незавршени на крајот на периодот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПСРРЖ | 31 | 129 | 160 | 122 | 3 | 91 | 28 | | 38 |
| | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 31 | 129 | 160 | 122 | 3 | 91 | 28 | | 38 |

Второстепениот совет во текот на **2020** година **решил 122** предмети или **31,12%** од вкупно решените **392** предмети во Одделот, од кои:

во **91** предмети или **74,59%** жалбата е **одбиена** како неоснована,
во **28** предмети или **22,95%** жалбата е **усвоена** и
во **3** предмети или **2,5%** жалбата е **отфрлена**,

Анализата на вкупниот број решени предмети во вторестепениот совет дадени по структура покажува тенденција на релативно краток период на постапување по предметите односно провладува бројот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања, во извештајниот период покажуваат дека преовладува бројот на решени – предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со **потврдување на првостепеното решение** во вкупно **91** предмет**.**

## Трање на постапката пред второстепениот совет

Преметраењето на постапување на второстепениот совет во Врховниот суд на Република Северна Македонија надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд на Република СевернаМакедонија, до експедирање на второстепеното решение до подносителот на барањето.

**Траење на постапка - Разумен рок за 2020 год II степен**

**ПСРРЖ**

| Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 160 | 122 | 19 | 35 | 21 | 35 | 12 | 38 |
| | | | | | | | |
| 160 | 122 | 19 | 35 | 21 | 35 | 12 | 38 |

Од вкупниот број од **160** предмети во работа пред второстепениот жалбен совет, решени се вкупно **122** предмети од кои,
- за период до **1** месец постапката е завршена во **19** предмети или **15,57%,**
- за период до **2** месеци постапката е завршена во **35** предмети или **28,68%,**
- за период до **3** месеци постапката е завршена во **21** предмети или **17,21%,**
- за период до **6** месеци постапката е завршена во **35** предмети **28,68%,**
- за период од над **6** месеци постапката е завршена во **12** предмети **9,83%,**
**-** останати за работа во **2021 се 38** предмети или **23,75%.**

Анализата на времето на решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува **релативно почитување на рокот од 6 месеци**, како законска рамка за решавање по предметите и во двата степена на одлучување пред Врховниот суд на Република Северна Македонија. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 месеци не се

имало во вид потребното време за доставување на решените предмети во прв степен до странките и течењето на рокот за жалба. Оттука, времето на решавање на предметите пред жалбениот совет земено само за себе детерминира дека рокот за постапување по овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија е неконзистентен со праксата на Европскиот суд за човекови права.

### Правичен надоместок

Од вкупно решените **392** предмети во Одделот, од кои **270** предмети во прв степен и **122** предмети во втор степен, по кои е одлучувано во Одделот за судење во разумен рок во **2020** година, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во првостепените совети во **116 усвоени** барања изнесува **4.770.000** денари и се однесува на повеќе подносители кои своето право на судење во разумен рок го оствариле со едно барање, додека **минимално** досудениот износ во **првостепените совети** е **1.000** денари. Максималниот износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во **второстепениот жалбен совет,** во **28 усвоени** жалби, изнесува **90.000** денари, а **минималниот** износ на име правичен надоместок од страна на второстепениот совет изнесува **5.000** денари.

Од решените **392** предмети во Одделот во **2020** година во **прв степен** досуден е правичен надоместок во износ од во износ од **8.058.900** денари, а во **второстепениот жалбен совет** досудениот надоместок износува **391.800** денари или вкупен износ во двата степени на одлучување од **8.450.700** денари, како на име правичен надоместок, така и за трошоци на постапката по поднесените барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

### СЕДНИЦА НА ОДДЕЛОТ

**На седниците на Одделот за судење во разумен рок** беа расправани значајни правни прашања кои произлегуваат од предметите оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок, а воедно беа разгледувани и месечните извештаи за работата на советите во Одделот. **Во текот на 2020 година Одделот за судење во разумен рок** одржа **2 – две седници и тоа на ден 02.03.2020 година и на ден 13.07.2020 година,** на која беа донесени 4 (четири) заклучоци.

## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

Согласно Одлуката за Годишниот распоред за работа за судиите и судската администрација за 2020 година од 31.12.2019 година и Одлуките за изменување и дополнување на Одлуката за Годишен распоред за работа за судиите и судската администрација за 2020 година од 16.01.2020 година, 18.03.2020 година и 15.09.2020 година во Одделот за судска пракса учествувале претседателите на четирите оддели, претседателите на советите, стручни судски соработници секретари и заменици секретари на одделите и судски советник задолжен за ажурирање на WEB страната на Судот и објавување на судската практика на WEB страната на судот.

За остварувањето на основната цел, Одделот за судска практика во 2020 година, ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта од важност за обезбедување на единство во примена на законот преку проучување на практиката на домашните судови и Европскиот суд за човекови права и компаративно - практиките на судовите од поранешниот правен систем на земјите од опкружувањето. Воедно, учествуваше во подготовката на нацрт правни сфаќања и други материјали од

седниците на судските оддели и Општата седница; ги евидентираше начелните ставови и начелните правни мислања на Општата седница, правните мислења и заклучоците прифатени на седниците на одделлите, на седница на судии и сентенците на советите; вршеше селекција и евиденција на одлуките од правна важност (значајни одлуки) во случаи за кои се очекува да бидат од особена важност за судската практика; ги прегледуваше одлуките на советите заради проверка дали одлуката е во согласност со правното сфаќање изразено во некоја поранешна или истовремена одлука; ја следеше, проучуваше и учествуваше во хармонизацијата на судската практика - воедначена примена на законите на ниво на Врховниот суд на Република Северна Македонија и судовите во Република Северна Македонија, преку следење на конзистентноста на правните норми и нивно подобрување и партиципираше во воедначување во правораздавањето на судовите по однос на примената и цитирањето на практиката на Европскиот суд за човекови права, во одлуките на судовите во Република Северна Македонија. Одделот за судска практика постапуваше и по предмети оформени по поднесени барања од различни субјекти (адвокати, правни лица, граѓани) за утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите и по поднесени барања кои се однесуваат на разлики во примена на законите од страна на судовите во Република Северна Македонија и воедначување на судската практика.

**Обем и квалитет на работа**

Во врска со обезбедување на хоризонтално и вертикално воедначување на судската практика, односно остварување на основната цел - обезбедување единство во примена на законите од страна на судовите, Одделот за судска практика во текот на 2020 година, ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта од важност за обезбедување на единствена примена на законот преку проучување на практиката на домашните судови и меѓународните институции.

Одделот за судска практика, во рамките на своето редовно работење во текот на 2020 година, учествуваше во подготовка на нацрт начелни ставови и начелни правни мислења на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, правни мислења и заклучоци на специјализираните оддели и прифатени сентенци на советите, како и на нивно евидентирање со систематизирање по правни области и објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија во делот за судска пракса.

Во текот на 2020 година, Одделот за судска практика вршеше селектирање, евидентирање и систематизирање по правни области на одлуки од правна важност (значајни одлуки) на судечките совети на Врховниот суд на Република Северна Македонија во фолдерот „Судска пракса“, кој претставува интерна база на податоци достапна на сите судии и стручни судски соработници на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Воедно, од страна на Одделот за судска практика се следеа одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а со цел воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која ја има Одделот за судска практика, во АКМИС програмата преку писарниците и на WEB страната на Врховниот суд на Република Севрна Македонија на која се објавуваат анонимизирани одлуки на Судот.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2020 година, донесени и објавени на WEB страната се 1 (едно) начелно правно мислење, 4 (четири) правни мислења и заклучоци и 6 (шест) сентенци:

| | | |
|---|---|---|
| Начелни правни мислења | 1 | - Ограничување на права од колективен договор ако за време на важењето на колективниот договор се донесе |

| | | |
|---|---|---|
| | | закон |
| Начелни ставови | / | |
| Правни мислења и заклучоци | 4 | - Задоцнување на доверител<br>- Враќање на износ на име надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт<br>- Утврдување непостоење на долг поради застареност на побарувањето<br>- Надлежен орган за присилна наплата на судски паушал како трошок на постапката |
| Сентенци | 6 | - Понуда на нов променет договор<br>- Работа кај ист работодавач како услов за трансформација на работен однос од определено на неопределено време<br>- Солидарна одговорност на сопственикот на возилото за штета што ја предизвикал управувачот на возилото<br>- Побивање на должникови правни дејствија откако доверителот не успеал побарувањето да го намири од имотот врз кој е засновано заложно право<br>- Стварна службеност и надоместок<br>- Дозволеност на ревизија и пристап до суд |

Одделот за судска практика во текот на 2020 година, постапуваше по 45 предмети, заведени под СПР број, кои беа оформени по поднесени барања за утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите, по поднесени барања кои се однесуваат на разлики во примена на законите од страна на судовите во Република Северна Македонија и воедначување на судската практика, по доставени дописи од судовите и по дописи од Министерството за правда, Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, а во врска со судската практика и предметите кои против Република Северна Македонија се водат пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

## СЕДНИЦА НА ОДДЕЛ

Во рамки на своето редовно работење, Одделот за судска практика одржа 3 седници во текот на 2020 година, заведени под СПЗ број. Седниците се подготвуваа на начин што по заведување на предмет со СПР број, за кој е утврдено дека има потреба да се разгледува на седница на Одделот за судска практика, истиот се скенира и се става во заедничка папка на членовите на Одделот за судска практика, односно во фолдерот ZAKONI (кој се наоѓа на Desktop на секој статичен компјутер), во подфолдерот SEDNICA - Sudska praksa, фолдер „Нов материјал за седница на Одделот“. Одржувањето на седниците на Одделот за судска практика, се одвиваше преку персонални компјутери, со физичко присуство на членовите на Одделот на судска пракса или електронски на ZOOM платформата, без физичко присуство на членовите на Одделот на судска пракса, со асистенција на IT центарот на Судот.

На седницата на Одделот одржана на ден 10.07.2020 година, се утврди начинот на постапување на Одделот за судска практика по донесените заклучоци на седниците, во насока на тоа дека по изготвување на Предлог записникот, кој се разгледува од членовите на Одделот, веднаш се постапува по донесените заклучоци, со цел поголема ефикасност во постапувањето на Одделот.

Во однос на поднесените иницијативи согласно член 37 од Законот за судовите, со кои се бара од Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија да утврди начелен став и начелно правно мислење, Одделот за судска практика констатираше дека воспоставениот начин на работа резултира со одолговлекување на постапката по поднесените иницијативи. Ова, со оглед на времето кое е потребно за подготовка на материјалите за седница на Одделот за судска практика, изготвување и усвојување на записниците и на донесените заклучоци на седниците, кои потоа се доставуваа до Општата седница на понатамошно постапување и одлучување. Поради наведеното, на седницата одржана на ден 16.11.2020 година, Одделот за судска практика утврди потреба од промена на заклучокот донесен на седница на Одделот за судска практика од ден 05.07.2019 година, со донесување на следниот:

**Останати активности**

Во март 2020 година, беше потпишан Меморандум за формирање на Координативно тело за следење на конзистентноста и подобрување на легислативата од страна на ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, претседателите на апелационите судови и на Вишиот управен суд.

## РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно Законот за судовите, во исполнување на уставните и законските надлежности, претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на **2020** година има одржано **19 Општи седници** на кои:

- се даде мислење за ориентациониот број на предмети што секој судија треба да ги реши месечно во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

- усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2019 година.

- донесени се решенија по 6 (шест) приговори на судии, изјавени против одлуки за годишен распоред за работа, донесени од претседатели на судови.

- донесени се решенија по 3 (три) приговори на судии, изјавени против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за времено упатување за вршење на судиска функција.

- разгледани се 14 (четиринаесет) иницијативи за утврдување на начелен став и начелно правно мислење, по кои утврдено е 1 (едно) начелно правно мислење кое е објавено на web страната на судот и донесени се 13 (тринесет) заклучоци дека не се прифаќаат иницијативите.

- расправано е по 1 (едно) правно прашање, по кое не се утврди начелно правно мислење.

- на проширена Општа седница разгледани се Извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија за 2019 година.

- донесени се решенија по 7 (седум) барања за заштита на законитоста од кои 1 (едно) е поднесено од Јавен обвинител на Република Северна Македонија, а 6 (шест) од физички или правни лица.

- усвоени се Оценките и заклучоците по извештаите за работењето на судовите во Република Северна Македонија за 2019 година.

- именувани се членови на 5 (пет) совети за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за разрешување на судии.

- одлучување по барања за изземање на вд претседателот и на судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија од учество во советите за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за разрешување на судии и одлучување по барања за изземање на именувани членови на советите за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за разрешување на судии.

- дадено е мислење по барање на претседател на суд, за распоредување на судија од еден во друг оддел.

- номиниран е заменик член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

- донесена е одлука по барање за препис на записници од одржани општи седници на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

- прибавено е мислење за Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2021 година.

- разгледани се Методологијата за оценување на Претседателите на судовите и Методологијата за оценување на работата на судија, доставени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

## СЕДНИЦИ НА СУДИИ

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на **2020** година има одржано **1 (една) Седница на судии** на која ги стави на разгледување:

- Методологијата за сложеност на предметите, доставена од Центарот за Правни истражувања и анализи вв со проект „Поддршка на Судскиот совет во воспоставување на квалитетен систем за оценување на судии", финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија.

- Методологија за квалитативно оценување на судиите и предлог Методологија за сложеност на предметите, доставени од д-р Рајнер Девил вв со проект „Поддршка на реформите во правосудниот сектор", финансиран од Европската Унија.

## ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Делегација на Врховниот суд на Република Северна Македонија, предводена од ВД Претседателот на Судот, на покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права, присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишниот извештај за работата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Во периодот од 24 до 27 февруари 2020 година, Делегација на Врховниот суд на Република Северна Македонија, предводена од ВД Претседателот на Судот, учествуваше во работата на втората по ред конференција на високо ниво на Глобалната мрежа за интегритет на судството на тема „Минато, сегашност, иднина", кој се одржа во Доха, Катар.

Судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 23 април 2020 година, преку електронска комуникација учествуваа на специјализирана обука во која беа вклучени 1220 судии од целиот свет, на тема: „Научени лекции од светот за менаџирање со судовите во време на пандемија“, организирана од Националниот Судски Колеџ од САД во соработка со Европската мрежа за правосудна обука.

- На 28 април 2020 година преку електронска комуникација, судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваше на Регионална округла маса на тема „Последиците од пандемијата КОВИД-19 врз човековите права и владеењето на правото„ организирана од Директоратот за човекови права и владеење на правото, при Совет на Европа.

Судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваа на Седмиот регионален форум за владеење на правото во Југоисточна Европа кој се одржа на 16 и 17 октомври 2020 година, во организација на AIRE Центарот и Организацијата Civil Rights Defenders, на тема КОВИД-19 и правата заштитени со Европската конвенција за човекови права.

Во текот на годината, ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија оствари средба со делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:

- На 21. Јануари средба со Амбасадорот на САД во Република Северна Македонија, Н.Е.Кејт Мари Брнс
- На 18 септември средба со Амбасадорот на Република Австрија, Н.Е. д-р Георг Вуцас.
- На 22 септември средба со Амбасадорот на Сојузна Република Германија, Н.Е. Анке Холштајн.
- На 21.01.2020 година Протоколарна средба со Шефот на Делегација на Европската Унија, Амбасадорот Давид Гир.
- На 09 јули 2020 година, ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и претседателите на одделите во Врховниот суд на Република Северна Македонија остварија средба со претставници од Центарот за правни истражувања и анализи и експерти на проектот „Поддршка на Судскиот совет во воспоставување на квалитетен систем за оценување на судии“, во координација со проектот „Поддршка на реформите во правосудниот сектор“.
- ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија во име на судовите во Република Северна Македонија прими донација – средства за дезинфекција од страна на Амбасадорот на САД, со цел заштита на здравјето на вработените и граѓаните.

## ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИКА

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на ВСРСМ и дел за судовите на РСМ и ССРСМ. Дополнително во

Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирана размена на податоци со надворешни институции итн. кои се наменети за непречена работа на сите судови. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 4 (четири) ИКТ инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРСМ.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија во функција се следниве кориснички апликации од областа на ИКТ со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Апликација за управување со движењето на судските предмети (АКМИС).
- Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Апликација за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РСМ и одлуки на апелационите судови на Web страната за судска пракса.
- Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web страната на Врховниот суд на РСМ
- Централизирано хостирање на судскиот Web портал и Web порталите на сите судови на РСМ
- Систем за електронска пошта наменет за вработените во Врховниот суд на РСМ и за нотификација на корисниците на системот за Електронската достава на судски документи
- Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РСМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд на РСМ.
- Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РСМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд на РСМ.
- Централизиран бекап на АКМИС базите од сите судови на РСМ
- Централизиран сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар на РСМ, наменет за сите судови на РМ
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и обвинителствата на Република Северна Македонија
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и Службен весник на Република Северна Македонија

ИКТ инженерите вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ во текот на 2020 година ги реализираа следните активности:

- Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност, учество во евалуација и реализација (давање на техничка поддршка и следење на напредокот во согласност со зацртаните термински планови) на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РСМ и Судски совет на РСМ од областа на ИКТ како што следи:
    1. Хардверско-софтверско одржување на опремата набавена во рамките на ИПА2010 проектот вклучително и превентивно и адаптивно одржување на веб страните на сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
    2. Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во судовите на Република Северна Македонија вклучително и одржување на дополнителните апликации и сервиси интегрирани во истиот
    3. Одржување на IBM Lotus Domino платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската пракса на Врховниот суд на РСМ
    4. Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
    5. Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата имплементирана во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ

6. Одржување на софтверот за собирање, анализа и пребарување на лог записи на ИКТ уредите сместени во ВСРСМ
7. Надградба на уредот за централизиран backup/restore на базите на податоци на сите судови во РСМ
8. Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на РСМ
9. Одржување на УПС системот сместен во зградата на Врховниот суд на РСМ
10. Набавка на АОП материјали за потребите на Врховен суд на РСМ
11. Набавка на преносни компјутери за потребите на судиите во Врховниот суд на РСМ
12. Набавка на лиценци за пакети за канцелариско работење
13. Учество во Работна група формирана од страна на Судскиот совет на РСМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката за набавка на Консултантски услуги за анализа и изготвување на технички спецификации за набавка на нови сервери и друга ИКТ опрема во сите судови на РСМ
14. Учество во Работна група формирана од Судскиот совет на РСМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката за набавка на интернет линкови за сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ

- Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за ВСРСМ и дел за сите судови на РСМ, во сите нивни фази на примена:
  - Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување
  - Согледување на евентуални потреби од надгрдба и подобрувања
  - Доделување на соодветни кориснички права и привилегии
  - Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош
  - Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции

- Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови на РСМ и ССРСМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот ИКТ кадар во судовите на РСМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен ИКТ кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се поставени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ, а наменети се за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.
- Секојдневно извршување и контрола на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.

- Мониторирање на системските логови за дојава на грешки на целокупната ИКТ опрема сместена во Центарот за информатика на Врховен суд на РСМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.
- Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.
- Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.
- Соработка и координација на Центарот за информатика на ВСРСМ со одделенијата за информатика на судовите во РСМ и ССРСМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со централизираните функционалности,

известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, постапки за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.

- Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на ИКТ (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.
- Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување, водење на месечни извештаи за реализирани работни задачи на ИКТ инженерите од Центарот за информатика на ВСРСМ и сл.
- Учество во работата на ново формираниот Совет за ИКТ во правосудството, учество на работни средби за планирање и реализација на ИПА проекти, учество на работни средби вклучително и изработка и достава на потребни податоци до ангажираните експерти во рамките на ИПА проекти за поддршка на реформите во правосудството, учество во Работна група за усогласување на Судскиот деловник со важечките законски прописи итн.

Согласно на сите современи општествени трендови се наметнува потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии и ИКТ системи во судскиот систем на РСМ за да може преку осовременување, едукација, копматибилност и унификација на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови на територија на РСМ и размена на податоци со други институции. Тоа по автоматизам континуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечките само 4 (четири) ИКТ инженери вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирано вработување на стручни ИКТ инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена соодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, утврдено е судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија да ја извршуваат **28 (дваесет и осум) судии**, со тоа што судиското место му мирува на судијата кој е избран за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во текот на 2019 година со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија беше оддалечен од функција Претседателот на Врховниот суд и назначен ВД Претседател, кој ја извршуваше функцијата и во текот на 2020 година.

Во 2020 година, беа разрешени од функција Претседателот и двајца судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, во втори месец 2020 година беа избрани тројца нови судии.

Судот во извештајната година функционираше со непотполн судиски состав од само **22 (дваесет и два) судии** што беше дури и на граница на потребниот минимум за нормално функционирање на Судот, со оглед на неговите надлежности, работа на Општа седница, работа во четири оддели, Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска практика, што предизвикува изземања на судиите и потреба за реорганизација и прераспоредување, со континуирана ангажираност на стручните судски сорботници во повеќе совети.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и пополнетоста на истите може да се констатира дека бројот на судски службеници во Судот воопшто не ги задоволува потребите според обемот и сложеноста на надлежноста на Врховен суд на Република Северна Македонија.

Во изминатиот период се констатира континуиран одлив и упразнување на работните места од сите категории на судски службеници од разни причини кои благовремено не се пополнуваат, поради што недостигот од вработени се надоместува со распоред за работа и судските службенци извршуваат повеќе работи и работни задачи.

На крајот на 2020 година по добиена согласност од Министерството за финансии, реализирани се 3 (три) вработувања по Законот за работните односи, а работното место со звање самостоен судски советник 1(еден) извршител, упразнето по основ на пензионирање не е пополнето.

По добиена согласност од Министерството за финансии за унапредување на судски службеници со објавување на интерен оглас, во декември 2020 година беа реализирани 22 (дваесет и две) унапредувања на судски службеници од сите категории согласно исполнетите услови.

Врховниот суд 2020 година, ја заврши со **70** вработени судски службеници од категоријата раководни, стручни и помошно административни судски службеници**, 5**-мина судска полиција и **9** вработени во техничка служба. Вака намалениот број на судски службеници не соодветствува со обемот на работа во судот и бројот на судиите.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1**.Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2020 година своите уставни и законски надлежности ги извршуваше во услови на пандемија предизвикана од Ковид-19, со почитување на Одлуките на Претседателот на Република Северна Македонија и Уредбите на Владата на Република Северна Македонија донесени за заштита од ширење и пренесување на вирусот, а кои се однесуваа на задолжително ослободување од работни обврски на еден од двајца родители за деца до 10 години и деца до 26 години со пречки во развојот, ослободување на бремените жени и лица со хронични болести, како и ослободување од работни обврски на лицата во задолжителна самоизолација или карантин, кои значително го намалија работниот капацитет на Судот.

Но и покрај овие објективни околности, кои се релевантни и оправдани причини од влијание на остварувањето на принципите на ажурност и ефикасност во постапувањето судиите, стручните судски соработници и судската администрација редовно и навремено ги извршуваше законските обврски.

Ваквиот висок степен на залагање на сите чинители во Судот придонесоа да Врховниот суд на Република Северна Македонија, во извештајната година го совлада приливот на новопримени предмети и го намали заостатокот за **322** предмети од сите видови.

Во текот на годината во Судот во работа од сите видови вкупно биле **2512** предмети, **1255** предмети се нерешени од претходната година, а новопримени **2247** предмети. Од нив решени се **2569** предмети, а останале нерешени **943** предмети.

Во текот на годината примени се **2259** разни поднесоци од **судска управа** од делокургот на работата на Претседателот на судот и по сите е постапено.

**2. Во Одделот за казниви дела** од вкупниот број предмети во работа **1066** од сите видови, во текот на годината решени се **929** предмети, односно **87,14%**, а останале нерешени **137** предмети.

Големиот број на решени предмети се должи и на кадровската доекипираност на Одделот со изборот на нови судии од кои двајца беа распоредени во Одделот за казниви дела.

На вкупниот број на нерешени предмети, секако влијае и фактот што дел од нив се примени на крајот на годината и бидејќи истите се доставуваат до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на мислење, не можело да бидат земени во работа.

**3. Во Одделот за граѓански дела**, приливот на предмети е совладан, а заостатокот е поголем за **278** предмети. Имено, Одделот постапувл по вкупно **1873** предмети, **918** се решени од претходната година и новопримени **955** предмети. Решени се **1233** предмети, а нерешени останале **918** предмети.

Се забележува намалување на приливот на предмети во 2020 година за **230** предмети, но споредено со 2019 година кога биле решени **1211** предмети во 2020 година решени се **22** предмети пвоеќе.

**4. Во Одделот за судење во разумен рок,** во извештајниот период приливот на предмети е совладан во целост, а заостатокот е намален за **31** предмет.

Одделот постапувал по вкупно **548** предмети по сите основи во двата степени на одлучување, од кои **177** предмети нерешени од претходната година, новопримени **361** предмети и **10** повторно заведени. Решени се **392** предмети, а останале нерешени **156** предмети.

Досудениот паричен надоместок заради утврдена повреда на правото за судење во разумен рок во двата степени во 2020 година изнесува **8.450.700,00** денари, што е зголемен во споредба со досудениот износ од **3.806.800,00** денари во 2019 година. Висината на досудениот надоместок е во согласност со праксата на Европскиот суд за човекови права, имајќи ги во предвид надоместоците определени од тој суд при пријателско спогодување на Република Северна Македонија со апликнатите.

**5. Одделот за судска практика** во Врховниот суд на Република Северна Македонија, во текот **на 2020 година** ги оствари зацртаните програмските задачи.

Иницијативите поднесени до Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 37 од Законот за судовите, се доставуваат во Одделот за судска практика, каде што од податоците достапни за пребарување, се вршеше проверка на судската практика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во врска со правните прашања кои произлегуваат од иницијативите, за што се известува Општата седница во чија надлежност е одлучувањето по овие иницијативи.

Во насока на наведеното, Одделот за судска практика иницираше промена на заклучокот на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, донесен на ден 17.10.2019 година, а со цел забрзување на постапката и поефикасно работење на Општата седница по поднесените иницијативи согласно член 37 од Законот за судовите.

Во текот на 2020 година, преку Одделот за судска практика, Врховниот суд на Република Северна Македонија ја следеше практиката Европскиот суд за човекови права во Стразбур преку анализа на одлуките и нивно селектирање со цел полесно имплементирање на истите во одлуките на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Пресудите донесени од Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија, беа тековно ажурирани во соодветни подфолдери во фолдерот „Судска пракса на ЕСЧП“, креиран во постоечкиот фолдер „Судска пракса“, на кој начин се интерно достапни до сите судии и стручни судски соработници.

**6.** Генерална констатација која произлегува од податоците за работата и ангажираноста на судиите, а заради зголемувањето на ефикасноста потребно е да се потполнат испразнетите судиски места, бидејќи сите судии покрај постапувањето по предмети во оддел, учествувале во одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок во прв степен и во второстепениот совет кој одлучува по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за судење во разумен рок, во работа на Специјализираниот совет кој одлучува по жалба на кандидатот кој не е избран за судија, односно Претседател на Суд, во Специјализираниот совет за одлучува по жалбите против Одлуките на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за

заштита поради незаконито дејствие, во работата на Одделот за судска практика заедно со стручните судски соработници.

**7.** Стручните судски службеници во текот на извештајната 2020 година покажаа висок степен на оперативност со судиите во изготвување на нацрт одлуките, како и висок степен на стручност, совестно и ажурност во извршување на своите работни обврски, но и покрај тоа за зголемување на ефикасноста во работењето на Судот, потребно е пополнување на непополнетите и испразнети работни места од редот на раководни и стручни судски советници согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Судот и Законот за судска служба.

**8.** Со оглед на улогата и значењето на судските службеници во Врховниот суд, како највисок суд во Републиката, во процесот на обезбедување на ефикасно постапување на судот, да се вложат напори за измена на Законот за судска служба и преку што би се обезбедиле можности за напредување, наградување и зголемување на бројот на судските службеници, особено во бројот на извршители во судските писарници и бројот на извршители во Центарот за информатика.

**9.** Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно својата надлежност донесените начелни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на WEB страната на Судот, но и да продолжи праксата на објавување Билтен и Збирка на судски одлуки.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**